РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP

Бр.-Nr. 02-616/5
17-08 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Националната установа - Археолошки музеј на Република Северна Македонија, постапувајќи по насоките добиени согласно Заклучокот на 50-тата седница на Владата на Република Северна Македонија има прифатено Антикорупциска политика и политика на интегритет со која не се толерира никакво коруптивно однесување, не се толерира било каква форма на неетичко и неморално однесување..

Во овој годишен план се изнесени основните поими утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси.

Со годишниот план се утврдени областите каде најчесто постои ризик за појава на корупција и тоа:

Постапките за вработување, избори и именувања и
Постапките за јавни набавки

**Под корупција,** се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Поимот корупција, во смисла на законот, ги опфаќа и поимите на:

**пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

**активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Под судир на интереси** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомиевање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

Под поимот **„Ризик од корупција"** согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст: ЗСКСИ), се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, или други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за